**- трета внатрешна страна:** место за фотографија (со димензии 3 х 3,5 цм.), потпис на имателот на дозволата за качување на брод, назив на органот што ја издал дозволата за качување на брод, место и датум на издавање, рок на важење и место за потпис на овластено лице;

**- четврта и петта внатрешна страна:** податоци за оспособеност во внатрешната пловидба (се запишува кои работи имателот на дозволата за качување на брод е оспособен да ги извршува, како и дополнителна оспособеност што ќе ја стекне или му се признае во пловидбата на внатрешните води по издавањето на дозволата за качување на брод), назив на исправата врз основа на која се запишува оспособеноста, назив на органот што ја издал исправата, место, број и датум на нејзиното издавање и потпис;

**- шеста до тринаесетта внатрешна страна:** лекарски преглед за здравствена способност: назив на органот што го издал лекарското уверение за здравствената способност, место, број и датум на издавање, способен за работа на палуба, машински комплекс, општа служба, крвна група и RH фактор;

**- четиринаесетта до дваесет и петта внатрешна страна:** место за виза;

**- дваесет и шеста внатрешна страна:** податоци за претходните качувања на брод на имателот на дозволата за качување на брод (реден број, времетраење на качувањето од – до, назначување на својството – звањето во кое имателот на дозволата за качување на брод бил качен на брод, име и ознака на бродот, вид на бродот, вид на моторот и јачина во коњски сили), место и датум на заверка, потпис и печат на овластено лице;

**- дваесет и седма до четириесет и втора внатрешна страна:** податоци за качување како член на екипаж на брод (пристаниште, датум на качување, својство во кое е качен како член на екипаж на брод, име и вид на брод, јачина на механичкиот двигател kw, категорија на пловидба и времето поминато на бродот), потпис на заповедникот на бродот, заверка на податоците потврдени од заповедникот на бродот, место, број и датум на заверката и место за потпис и печат на овластено лице, податоци за симнување како член на екипаж на брод (пристаниште, датум на симнување, времетраење на службата – години, месеци, денови, потпис на заповедникот на бродот, заверка на податоците потврдени од заповедникот на бродот, место, број и датум на заверка и место за печат и потпис на овластено лице;

**- четириесет и трета и четириесет и четврта внатрешна страна:** место во кое се внесуваат податоци за одземени овластувања;

**- четириесет и петта до педесетта внатрешна страна:** место за забелешки.

Образецот на дозволата за качување на брод е даден во прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-4982
7 април 2008 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески**, с.р.

*Прилог 1*

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***REPUBLIK MACEDONIAN***

***БРОДСКА КНИШКА***

***LIVRET PERSONNEL EN NAVIGATION INTÉRIEURE***

**- 2 -**

________________________________________

*име татково име и презиме – nom , nom du pêre et prenom*

________________________________________

*тесто и датум на раѓање – lieu et date de naissance*

________________________________________

*државјанство – nationalite*

________________________________________

*место на живеење - престојувалиште – domicile legal*

________________________________________

*држава – etat*

________________________________________

*ЕМБГ на имателот на бродската книшка*

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***REPUBLIK MACEDONIAN***

***БРОДСКА КНИШКА***

***LIVRET PERSONNEL EN NAVIGATION INTÉRIEURE***

***No 000000***

**- 3 -**

*Слика*
*3 x 3,5 цм.*

________________________________________

*потпис на имателот – signature du detentuer*

________________________________________

*капетанија на пристаништата – la capitainerie du port*

*во - de* ______________

*дата – le* ______________ ____________________

*потпис - signature*

*важи до* ______________
jusqu` a

- 4 -

Податоци за оспособеност во внатрешната пловидба
qualifications en navigation interieure

врз основа – en vertu du

издадено - édit

во - de ____________ под бр. ____________
No

дата – le ____________ ____________

потпис - signature

Податоци за оспособеност во внатрешната пловидба
qualifications en navigation interieure

врз основа – en vertu du

издадено - édit

во - de ____________ под бр. ____________
No

дата – le ____________ ____________

потпис - signature

- 14 -

**ВИЗА - VISAS**

- 6 -

**ЛЕКАРСКИ ПРЕГЛЕД – VISITE MEDICAL**

врз основа на лекарско уверение издадено од
selon le certifikat medical délivré par

во ____________ под бр.____________
de No
na den ____________
en date du

способен за работа на:палуба – машински комплекс – општа служба.
à savoir au service: de pont - aux mashines - général

крвна група ________ RH ____________
grup sanguine

**ЛЕКАРСКИ ПРЕГЛЕД – VISITE MEDICAL**

врз основа на лекарско уверение издадено од
selon le certifikat medical délivré par

во ____________ под бр.____________
de No
на ден ____________
en date du

способен за работа на: палуба - машински комплекс – општа служба.
à savoir au service: de pont - aux mashines - général

крвна група ____________ RH ____________
grup sanguine RH

**Податоци за претходни качувања на брод**

| Ред. бр. | Времетраење на качување од - до | Во својство – звање | Име и ознака на бродот | Вид на брод | Вид на бродот | Вид на мотор | Јачина KS |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |

____________ место

____________ датум на заверка

М.П ____________
Потпис на овластено лице

*- 27 -*

***ПОДАТОЦИ ЗА КАЧУВАЊЕ***

*Во пристаниште ............................дата на качување................. 20 год.*

*Во својство на ...........................................................................................*

*Име и вид на брод ....................................................................................*

*Јачина на механички двигател ..............kW, Категорија на пловидба ........................................*

*Заповедник на брод ..................................................................................*

*ПОТВРДА: Согласен е со пописит на екипажот издаден од ............................................................*

*во ............................................. под бр. ....................................................*

*на ден ..................................... 20 год.*

*Заверено во Капетанијата на пристаништата – Охрид*

*..................................................................................................*

***СЕ СИМНАЛ***

*Во пристаниште ............................... на ден ............................ 20 год.*

*Во служба бил .............. год. .............. месеци ............. денови ............*

*Заповедник на брод ..................................................................................*

*ПОТВРДА: Согласен е со пописит на екипажот издаден од ............................................................*

*во ............................................. под бр. ....................................................*

*на ден ..................................... 20 год.*

*Заверено во Капетанијата на пристаништата – Охрид*

*..................................................................................................*

*- 43 -*

***ОДЗЕМЕНО ОВЛАСТУВАЊЕ***

*- 45 -*

***З А Б Е Л Е Ш К А***

*Прилог број 2*

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***REPUBLIK MACEDONIAN***

***ДОЗВОЛА ЗА КАЧУВАЊЕ НА БРОД***

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***REPUBLIK MACEDONIAN***

## *ДОЗВОЛА ЗА КАЧУВАЊЕ НА БРОД*

***No 000000***

**- 2 -**

________________________________
*име татково име и презиме – nom , nom du  père et prenom*

________________________________
*тесто и датум на раѓање – lieu et date de naissance*

________________________________
*државјанство – nationalite*

________________________________
*место на живеење - престојувалиште – domicile legal*

________________________________
*држава – etat*

________________________________
*ЕМБГ*

*- 3 -*

*Слика*
*3 x 3,5 цм.*

________________________________
*потпис на имателот – signature du detentuer*

________________________________
*капетанија на пристаништата – la capitainerie du port*

*во - de* ______________

*дата – le* ______________ ______________________

*потпис - signature*

*важи до* ______________
jusqu` a

**- 4 -**

________________________________
*Податоци за оспособеност во внатрешната пловидба*
*qualifications en navigation interieure*

________________________________
*врз основа – en vertu du*

________________________________
*издадено - édit*

*во - de* ________________ *под бр.* ____________________
No

*дата – le* ______________ ______________________

*потпис - signature*

________________________________
*Податоци за оспособеност во внатрешната пловидба*
*qualifications en navigation interieure*

________________________________
*врз основа – en vertu du*

________________________________
*издадено - édit*

*во - de* ________________ *под бр.* ____________________
No

*дата – le* ______________ ______________________

*потпис - signature*

- 6 -

**ЛЕКАРСКИ ПРЕГЛЕД – VISITE MEDICAL**

______________________________
врз основа на лекарско уверение издадено од
selon le certifikat medical délivré par

во ____________ под бр.______________
de No
na den ______________________
en date du

способен за работа на:палуба – машински комплекс – општа служба.
à savoir au service: de pont - aux mashines - général

______________________________

крвна група ________ RH ______________
grup sanguine

**ЛЕКАРСКИ ПРЕГЛЕД – VISITE MEDICAL**

______________________________
врз основа на лекарско уверение издадено од
selon le certifikat medical délivré par

во ____________ под бр.______________
de No
на ден ______________________
en date du

способен за работа на: палуба - машински комплекс – општа служба.
à savoir au service: de pont - aux mashines - général

______________________________

крвна група __________ RH ______________
grup sanguine RH

**КАЧУВАЊЕ ДО ИЗДАВАЊЕ НА БРОДСКАТА КНИШКА**

| Ред. бр. | Качен на брод од ....... до........ | Во својство на | Име и ознака на бродот | Вид на брод | Вид на машина | Јачина KS |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

- 14 -

**ВИЗА - VISAS**

- 27 -

**СЕ КАЧИЛ**

Во пристаниште ............................. на ден .......................... 20 год.

Во својство на ..................................................................................

Име и вид на брод ...........................................................................

Јачина на механички двигател .............kW, Категорија на пловидба .....................................

Заповедник на брод ..........................................................................

ПОТВРДА: Согласен е со пописот на екипажот издаден од ...................................................

во .......................................... под бр. ..............................................

на ден ................................... 20 год.

Заверено во Капетанијата на пристаништата – Охрид

.........................................................................................

**СЕ СИМНАЛ**

Во пристаниште ............................. на ден .......................... 20 год.

Во служба бил ............. год. ............. месеци ............ денови ...........

Заповедник на брод ..........................................................................

ПОТВРДА: Согласен е со пописот на екипажот издаден од ...................................................

во .......................................... под бр. ..............................................

на ден ................................... 20 год.

Заверено во Капетанијата на пристаништата – Охрид

.........................................................................................

- 43 -

*ОДЗЕМЕНО ОВЛАСТУВАЊЕ*

- 45 -

*З А Б Е Л Е Ш К А*

---

**800.**

Врз основа на член 107 став 6 од Законот за внатрешна пловидба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/07), министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ОБРАЗЕЦОТ И СОДРЖИНАТА НА ГЛАВНАТА КНИГА НА РЕГИСТАРОТ НА БРОДОВИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот и содржината на главната книга на регистарот на бродовите.

Член 2

Образецот на главната книга на регистарот на бродовите е со правоаголна форма, А4 формат, со корици од тврд картон во темно сина боја и влошки кои се составен дел на главната книга на регистарот на бродовите кои содржат листови А, Б и Ц формат А4.

Кон влошките од главната книга се припојуваат исправи доставени од сопственикот на бродот, странката или надлежен орган, врз основа на кои се врши впишувањето на бродот во листот А, листот Б и листот Ц.

Член 3

Главната книга на регистарот на бродови содржи:

**насловна страна:** број на книгата, назив “Главна книга на регистарот на бродови“.

**прва внатрешна страна:** натпис “Република Македонија, Министерство за транспорт и врски, Капетанија на пристаништата – Охрид“, грб на Република Македонија, назив “Главна книга на регистарот на бродови“, место за печат и потпис на овластено лице.

**втора внатрешна страна:** содржина на главната книга на регистарот на бродови, број на главната книга, број на влошки, број на страни, име или ознака на бродот.

Влошката на главната книга се печати во триесет и пет еднакви примероци, а секој примерок содржи по четири страни во кои се внесуваат податоци од листовите А, Б и Ц.

**Листот А содржи податоци за:** вид на бродот (според видот на механичкиот двигател), национална припадност, име или ознака на бродот, пристаниште на впишување, подрачје на пловидба, вид на бродот (според неговата конструкција), повикувачки знак за радио распознавање, најголема дозволена носивост и најголема истиснина (според свидителството за баждарење), дозволен број на патници, вид на главниот механички двигател, број на машини, вкупна јачина на механички двигател, материјал од кој е изграден трупот на бродот, место на градба, име на бродоградилиштето и година на градба, а за брод во градба датум и час на поставувањето на кобилицата на бродот, димензии на бродот: должина, ширина, висина на бродот мерена од дното до највисоката статична точка на бродот и висина на бок – страна мерена од дното до горната ивица на глав-

ната палуба, газење на бродот без товар, газење на бродот со товар, најмал дозволен слободен бок – страна, податоци за претходно впишување на бродот (име, пристаниште на впишување и национална припадност на бродот), датум на впишување и датум на издавање на бродското свидителство, најмал број членови на екипаж потребен за безбедна пловидба на бродот, податоци за ограничување на пловидбата, други забелешки значајни за пловидбата на бродот, а дадени од страна на надлежен орган.

**Лист Б содржи податоци за:** сопственикот на бродот и податоци за ограничувања за сопственикот во врска со располагањето на бродот или делови од бродот (реден број, упис, делови на бродот).

**Лист Ц содржи податоци за:** стварните права со кои е оптоварен бродот или делови од бродот, како и правата стекнати над тие права (реден број, упис, делови на бродот).

Образецот на главната книга на регистарот на бродови е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-4983
7 април 2008 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески**, с.р.

Образец бр. 1

*број на книга* _______________

**ГЛАВНА КНИГА НА РЕГИСТАР НА БРОДОВИ**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**КАПЕТАНИЈА НА ПРИСТАНИШТАТА – ОХРИД**

**ГЛАВНА КНИГА НА РЕГИСТАР НА БРОДОВИ**

М.П.

_______________________
*потпис на овластено лице*

*содржина на главната книга*
*на регистарот на бродови бр.*_________

| *влошка* | *страна* | *ИМЕ ИЛИ ОЗНАКА НА БРОДОТ* |
|---|---|---|
| 1 | 1 | |
| 2 | 5 | |
| 3 | 9 | |
| 4 | 13 | |
| 5 | 17 | |
| 6 | 21 | |
| 7 | 25 | |
| 8 | 29 | |
| 9 | 33 | |
| 10 | 37 | |
| 11 | 41 | |
| 12 | 45 | |
| 13 | 49 | |
| 14 | 53 | |
| 15 | 57 | |
| 16 | 61 | |
| 17 | 65 | |
| 18 | 69 | |
| 19 | 73 | |
| 20 | 77 | |
| 21 | 81 | |
| 22 | 85 | |
| 23 | 89 | |
| 24 | 93 | |
| 25 | 97 | |
| 26 | 101 | |
| 27 | 105 | |
| 28 | 109 | |
| 29 | 113 | |
| 30 | 117 | |
| 31 | 121 | |
| 32 | 125 | |
| 33 | 129 | |
| 34 | 133 | |
| 35 | 137 | |

*влошки од главната книга на регистарот на бродови*

*број на влошки*_____________ *број на страни* ___________

| **ЛИСТ А** | |
|---|---|
| | *ПРОМЕНИ ( број и датум на решение)* |
| Вид на брод *(според механички двигател)*________ ___________________________________________ | |
| Национална припадност _______________________ | |
| Име или ознака на бродот _____________________ | |
| Пристаниште на впишување ___________________ | |
| Подрачје на пловидба _________________________ | |
| Вид на брод *(според конструкција)* ___________________________________________ | |
| Повикувачки знак за радио распознавање ___________________________________________ | |
| Најголема дозволена носивост *(според свидетелство за баждарење):*__________ ___________________________________________**t** | |
| Истиснина ________________________________**m3** | |
| Дозволен број на патници ______________________ | |
| Вид на главен механички двигател ______________ | |
| Број на машини ______________________________ | |
| Вкупна јачина на механички двигател __________**kW** | |
| Материјал од кој е изграден трупот на бродот ___________________________________________ | |
| Место на градба, име на бродоградилиштето, година на градба: _________________________________ | |

| | |
|---|---|
| Датум и час на поставувањето на кобилицата на бродот *(за брод во градба)* ____________________ | |
| Димензии на бродот: *должина:* ________________________________**m** *ширина:* _______________________________ **m** *висина(мерена од од дното до највисиката статична точкана бродот):* __________________**m** *висина на бок-страна(мерена од дното до горната ивица на главната палуба):* __________________**m** | |
| Газење без товар: __________________________**m** | |
| Газење со товар: ___________________________**m** | |
| Најмал дозволен слободен бок – страна: __________ ___________________________________________**m** | |
| Податоци за претходно впишување на бродот *(име, пристаниште на впишување, национална припадност на бродот):* ______________________ ___________________________________________ | |
| Датум на впишување и датум на издавање на бродското свидителство: ______________________ ___________________________________________ | |
| Најмал број членови на екипаж потребен за безбедна пловидба на бродот: _________________ ___________________________________________ | |
| Податоци за ограничување на пловидбата: ___________________________________________ ___________________________________________ ___________________________________________ ___________________________________________ ___________________________________________ | |
| Други забелешки значајни за пловидба на бродот дадени од страна на надлежен орган: ___________________________________________ ___________________________________________ ___________________________________________ ___________________________________________ ___________________________________________ ___________________________________________ | |

| **ЛИСТ Б** | | |
|---|---|---|
| *Реден број* | *УПИС* | *Делови на бродот* |
| | | |

| **ЛИСТ Ц** | | |
|---|---|---|
| *Реден број* | *УПИС* | *Делови на бродот* |
| | | |

**801.**

Врз основа на член 173 став 3 и член 181, а во врска со член 176 и 178 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06 и 24/07), министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ, ПРАВИЛАТА И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ЛИЦЕ ЗА ДА ВРШИ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ЈАВЕН ВОЗДУШЕН ПРЕВОЗ

### Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот, правилата и посебните услови за вршење на инспекциски надзор и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши инспекциски надзор на јавен воздушен превоз.

Член 2

Начинот, правилата и посебните услови за вршење на инспекциски надзор на јавен воздушен превоз се утврдени согласно JAA Administrative and Guidance Material, Section Four: Operations, Part Two: Procedures (JAR-OPS), Appendix 5 кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

### Посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши инспекциски надзор на јавен воздушен превоз

Член 3

Инспекциски надзор на јавен воздушен превоз го вршат инспектори за јавен воздушен превоз овластени од Агенцијата за цивилно воздухопловство и ако ги исполнуваат следните посебни услови:

1. Инспектор за летачки операции (Flight Operations Inspector) треба да:

- има/л дозвола за сообраќаен пилот (ATPL) или дозвола за комерцијален пилот со впишано овластување за летање по инструменти на повеќе моторни авиони (CPL/IR ME) и положен теоретски испит за сообраќаен пилот (ATPL-Theory);
- има/л впишано овластување за летање на тип на воздухоплов од категоријата на воздухоплови со кои оперираат сертифицираните авиопревозници во РМ;
- ги знае меѓународните стандарди од областа на комерцијалната авијација, како што се JAR-OPS 1, JAR-OPS 3, ICAO Annex 6, JAR-FCL 1;
- има познавање на меѓународните стандарди, како и регулативите и директивите на ЕУ од областа за која врши надзор;
- да ги знае прописите на Република Македонија кои се однесуваат на областа за која врши надзор;
- да има успешно завршена почетна обука согласно Програмата за обука на инспектори на Агенцијата;
- да има обука за регулаторните техники за надзор на безбедност и
- да има активно познавање на англискиот јазик.

2. Инспектор за одржување и пловидбеност (Maintenance/Airworthines Inspector) треба да:

- има соодветен инженерски степен или квалификација за техничар за одржување на воздухоплов со дополнително образование. Под терминот “соодветен инженерски степен” се подразбира инженерски степен од студии по воздухопловство, машинство, електротехника, авијациска електроника или други студии во врска со одржување и постојана пловидбеност на воздухопловите/составните делови на воздухопловите;
- има/л дозвола воздухопловен инженер за техничка подготовка по ИРЕ или АМС или да има/л Ц тип на дозвола согласно ЈАР66/Дел 66 од ЕУ Регулатива 2042/2003;
- има практично искуство и стручност за примената на стандардите за воздухопловна безбедност и сигурните оперативни практики;
- има познавање на:

а) правилата, упатствата за издавање на уверенија и материјалот со упатства за применување;

б) правата и обврските на еден инспектор;

в) системите за квалитет;

г) управување со континуираната/постојаната пловидбеност.

- има познавање за соодветен модел на тип(ови) на воздухоплови стекнато преку одобрен курс за обука;
- има познавање на стандардите за одржување;
- има познавање на меѓународните стандарди, како и регулативите и директивите на ЕУ од областа за која врши надзор;
- да ги знае прописите на Република Македонија кои се однесуваат на областа за која врши надзор;
- има успешно завршена почетна обука согласно Програмата за обука на инспектори на Агенцијата;
- да има обука за регулаторните техники за надзор на безбедност и
- има активно познавање на англискиот јазик.

3. Инспектор за кабински персонал треба да:

- има/л дозвола или уверение за стручна оспособеност за инструктор на кабински персонал;
- има познавање на меѓународните стандарди, како и регулативите и директивите на ЕУ од областа за која врши надзор;
- ги знае прописите на Република Македонија кои се однесуваат на областа за која врши надзор;
- има успешно завршена почетна обука согласно Програмата за обука на инспектори на Агенцијата;
- да има обука за регулаторните техники за надзор на безбедност и
- има активно познавање на англискиот јазик.

4. Инспектор за опасни материи треба да:

- има високо образование од областа на технолошки или хемиски студии;
- има успешно завршен курс за опасни материи;
- има познавање на меѓународните стандарди, како и регулативите и директивите на ЕУ од областа за која врши надзор;
- ги знае прописите на Република Македонија кои се однесуваат на областа за која врши надзор;
- има успешно завршена почетна обука согласно Програмата за обука на инспектори на Агенцијата;
- да има обука за регулаторните техники за надзор на безбедност и
- има активно познавање на англискиот јазик.

5. Инспектор за проценка на економска солвентност на авиопревозници треба да:

- има диплома за завршени економски студии;
- има познавање на регулативите и директивите на ЕУ од областа за која врши надзор;
- ги знае прописите на Република Македонија кои се однесуваат на областа за која врши надзор;
- има успешно завршена почетна обука согласно Програмата за обука на инспектори на Агенцијата;
- да има обука за регулаторните техники за надзор на безбедност и
- има активно познавање на англискиот јазик.

Инспекторите од став 1 точки 1 до 4 на овој член за да вршат и надзор на безбедноста на странски воздухоплови (SAFA Inspector), покрај посебните услови кои треба да ги исполнуваат, треба да:

- имаат успешно завршен курс SAFA Ramp Inspection и

- имаат познавање на прирачникот за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на странски воздухоплови кои вршат јавен воздушен превоз (SAFA Manual).

Член 4

Во програмата за инспекциски надзор на Агенцијата се утврдени внатрешните процедури за внатрешна организираност на Агенцијата при вршењето на инспекцискиот надзор и содржината на листите за проверка (checklists), како и начинот на евиденција, анализа и чување на податоците и доказите од инспекцискиот надзор.

Член 5

Агенцијата обезбедува почетни стручни обуки за усовршување и обновување на стекнатото знаење на своите инспектори преку Програма за обука на инспектори изготвена од Агенцијата согласно JAA Administrative and Guidance Material, Section Four: Operations, Part Two: Procedures (JAR-OPS) глава 3.

Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-4984
7 април 2008 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески**, с.р.

**ПРИЛОГ**

**JAA Административен и материјал со упатства**
**Глава четири: Операции, Дел два: Процедури (JAR-OPS), Додаток 5**

**1 Вовед**

1.1. Следното претставува обид да се сумираат најважните прегледи кои надлежниот орган треба периодично да ги врши после издавање на AOC. Содржината на овој Додаток и онаа од Додаток 1 не може да се смета дека е наполно различна или дека се однесува на други делови. После издавање на AOC, прегледите наведени во Додаток 1 периодично треба да се преиспитаат/повторат како што се зголемува нивото на растежот или измените на работењето на авиопревозник. Освен тоа, ниеден надлежен орган не треба да се чувствува обврзан кон содржината на кој било Додаток за да ги ограничи своите должности за прегледи согласно листата. Надлежниот орган може и мора да го испита секое прашање за кое смета дека е битно за одредена операција. Прегледите може да ги врши надлежен орган согласно еден систематски план со кој авиопревозникот е запознаен, или истите може да се вршат случајно и ненајавено, ако е тоа соодветно.

1.2. Недостатоците откриени за време на кој било последователен преглед треба да се споредат со резултатите од ревизијата на авиопревозникот што се однесува на следењето на квалитетот. Кога недостаток откриен од страна на надлежниот орган исто така е откриен и со системот за квалитет, а постои соодветна постапка за поправка на истиот, во тој случај нема потреба од понатамошна активност. Но, ако недостатокот не се открие со системот за квалитет на авиопревозникот, тогаш од постапката за поправка се бара да:

а. се поправи недостатокот (од страна на соодветното одговорно лице); и

б. се преиспита системот за квалитет со цел да се спречи повторување (од страна на раководното лице).

1.3. Раководното лице на авиопревозникот и односното одговорно лице кое е одговорно за коригирање на недостатоците мора веднаш да се известат за неповолните коментари дадени од страна на инспекторот, како и за барањето, во писмена форма, за преземање на соодветна активност. Инспекторот ја евидентира постапката за поправка која авиопревозникот ја презема, заедно со коментарот за тоа дали инспекторот е задоволен или не.

**2 Организација и инфраструктура**

2.1. По правило, инспекторот, за време на своите контакти со авиопревозникот во врска со други прашања, ќе се запознае со сместувањето, обезбедените средства, адекватноста од раководен персонал и неговата ефикасност. Посебен преглед или ревизија на овие прашања треба да се изврши при:

- отворање на нова локација за сместување на екипажите;
- после каква било поголема измена во организацијата на авиопревозникот;
- селење на авиопревозникот во нови простории.

2.2. Надлежниот орган, при следење на порастот на успешното работење на авиопревозникот, треба да обезбеди дека се врши проверка на соодветниот или задоволителниот развој на раководната инфраструктура и средствата на авиопревозникот.

**3 Контрола на системот за квалитет на авиопревозникот**

3.1 Периодични прегледи на системот за квалитет на авиопревозникот треба да се вршат за да се потврди неговата континуирана/постојана ефикасност. Оваа контрола треба да го опфати следното:

- Проценка на системот за управувањето со квалитет;
- План за ревизија и извештаи;
- Активности за поправка / систем за последователно следење;
- Обука за системот за квалитет;
- Евиденција за системот за квалитет.

3.2. Ако како резултат на прегледите дојде до разлики/несовпаѓање помеѓу резултатите од ревизијата на авиопревозникот и недостатоците откриени од страна на надлежниот орган, мора да се размисли да се изврши измена на системот за квалитет на авиопревозникот.

**4 Оперативен прирачник**

4.1. Оперативниот прирачник претставува еден од најглавните инструменти со кој авиопревозникот обезбедува сигурно летање. Одговорноста за Оперативниот прирачник лежи кај авиопревозникот, но и надлежниот орган има право да бара измени и дополнувања на Оперативниот прирачник. Неопходно е да се вршат прегледи со цел да се обезбеди дека Прирачникот се ажурира и прилагодува на која било измена на природата и нивото на сообраќајот. Темелното и редовно испитување на Оперативниот прирачник претставува основна задача на вршењето на преглед. Важноста на прегледите на Оперативниот прирачник треба да се гледа во ова светло.

4.2. Прегледот на Оперативниот прирачник, во зависност од обемот на сообраќајот, може да се врши на целиот Прирачник или на различни делови во различно време. Ако второво преставува метода/начин која се претпочита, во тој случај важно е инспекторот(-ите) систематски да работат на делови од прирачникот и да проверат дали содржината на прирачникот се ажурира и прилагодува кон севкупното работење како што истото се развива. Инспекторите не би требало да при-

фаќаат, како што се изменува и дополнува прирачникот, информации или податоци кои се излишни или кои не се прилагодени кон одредениот тип на областа на работењето што се планира да се опфати со Прирачникот. Бидејќи и самите законски прописи се менуваат и дополнуваат, или работењето се развива, не е доволно авиопревозникот да ги вклучи во своите предложени измени и дополнувања сите нови податоци или други информации кои не се од особена важност за неговиот персонал. На пример, авиопревозник чии воздухоплови ниту се планираат ниту се опремени за летање под Категорија I, нема потреба да препише од Поддел E од JAR-OPS се што се однесува на Категоријата II или III. Ваквото вклучување на премногу податоци може да претставува хендикеп, бидејќи со тоа се прикриваат податоците кои на персоналот на авиопревозникот навистина им се потребни, кои мора да ги разберат и кон кои мора да се придржуваат. Најважно е тоа да се увери севкупниот оперативен персонал дека се она што може да се најде во Оперативниот прирачник е таму бидејќи има врска со придржувањето кон законските прописи и сигурното летање на нивните воздухоплови.

4.3. Покрај вршењето на проверка на квалитетите на прирачникот наведени во Додаток 1, став 4.2, инспекторот(-ите) треба да се уверени дека:

- на работните места има доволен број на примероци од прирачникот, или извадоци од потребните делови, за сите оние на кои им се потребни;
- прирачниците се во добра состојба и исправно се изменети и дополнети;
- системот за измена и дополнување на прирачниците функционира добро, дека е ефикасен и дека измените и дополнувањата се прават навремено;
- надлежниот орган се известува за сите предложени измени и дополнувања.

## 5 Обука и проверки

5.1. Прегледите на обуката мора да ја опфатат проценката како на обуката на земја така и на онаа во воздух/за време на лет и на постапките за проверки. Под "обука во воздух/за време на лет", во овој контекст, опфатена е секоја обука која се врши на кој било тренажер за обука по летање или модел за обука. Развојот на заедничките стандарди и ефикасното содејство помеѓу екипажот за летање и кабинскиот персонал претставува, исто така, суштински дел од една прифатлива програма за обука. Некои авиопревозници може да склучат договор за дел или за севкупната обука со друг авиопревозник или агенција која го има неопходното овластување од надлежниот орган. Во кој било случај кога се ангажираат средства (или персонал) за обука, кои не се директно под контрола на авиопревозникот, назначениот инспектор мора да биде уверен дека односните овластувања се важечки и дека обуката која се врши е соодветна на потребите на авиопревозникот.

5.2. Со прегледите надлежниот орган мора да се увери дека:

- наставната програма на севкупната обука се развива и е соодветна на потребите на авиопревозникот и на условите кои се менуваат;
- се одржува задоволителен состав и квалификации на персоналот за обука;
- средствата за обука, вклучувајќи го и обезбедувањето на соодветен простор и технички помагала, се во чекор со менувањето на нивото на сообраќај и се во добра состојба;
- утврдувањето на обуката се води ефикасно и дека постои ефикасна соработка со другите одделенија како што се одделенијата за комерција и за распоредување на екипажите;
- се одржува придржување кон условите наведени во Оперативниот прирачник и кон стандардните оперативни процедури за квалификација и стручност на екипажите;
- обуката за користење на ресурсите на екипаж за безбедно и ефикасно летање (CRM – crew resource management) е ефикасна.

## 6 Одржување

6.1. Прегледи на одржувањето треба да се вршат со цел да се процени континуираната/постојаната важност на системот на авиопревозникот во однос на одржувањето. Овие прегледи треба да го опфатат следното:

- ефикасното функционирање на соработката помеѓу одделенијата за оператива и одржување (и соработката со организацијата за одржување, ако е одвоена);
- правилното користење и пополнување на техничкиот дневник на воздухопловот од страна на екипажот за летање;
- упатување на и активност за пријавените дефекти и односните извештаи за настани;
- придржување на екипажите на авиопревозникот и организацијата за одржување кон условите на одобрената MEL.

## 7 Евиденција

7.1. Со прегледот надлежниот орган мора да се увери дека се води евиденција за екипажот и дека истата е ажурирана и лесно достапна како и за тоа дека постои ефикасен систем за предупредување на одделенијата за обука, екипажи и евиденција што се однесува на истекот на дозволите, роковите за проверки и другите ограничувања. Со прегледите би требало да е опфатено и следењето на следното со цел да се потврди придржувањето кон важечките услови:

- издавање на дозволи – важност/истекување на важноста, систем за потсетување;
- податоци за обуката – редовна и посебна обука (на пример, AWOPS, ETOPS);
- ограничување на времето на летање и на должност и услови за одмор.

## 8 Преглед на платформа

8.1. Надлежниот орган треба да воспостави процедури за да обезбеди дека прегледите на платформа се вршат по случаен избор и по правило на определен аеродром на кој одреден број од воздухопловите на авиопревозниците ќе подлежат на преглед под исти околности. Ова не ги спречува инспекторите од вршење на прегледи на платформа на определени авиопревозници во соодветна пригода/прилика, ниту од преглед кој треба да го изврши друг инспектор кој е на право место за таа цел. Прегледите на платформа може да вклучуваат комбинации од одредени прегледи кои се опфатени во проверките пред лет, одобрениетo за/пуштањето на лет итн.

8.2. Воздухопловите треба да се проверуваат со цел да се обезбеди, до најголем можен степен, дека се во прифатлива состојба за безбедно летање.

## 9 Опрема

9.1. Со прегледите треба да се опфати и испитување на опремата на воздухопловите со цел да се обезбеди придржување кон JAR-OPS. Овој преглед може да се врши додека воздухопловот е на земја или во тек на преглед во лет. Севкупната опрема за опасни ситуации мора да биде правилно одржувана, сместена и да ја има во доволен број. Со прегледот мора да се опфати и опремата за навигација и истата мора да е соодветна на условите на структурата на рутата на авиопревозникот (види исто така став 12.3 и 13.1).

**10 Подготовки пред лет (Екипаж)**

10.1. Инспектор со соодветно искуство за операции на летање повремено треба да ги контролира екипажите на авиопревозникот за време на планирање на лет и во фазата на подготовките пред лет. Инспекторот треба да ги разгледа/оцени сите елементи наведени во став 9.1 од Додаток 1. Битно е да се утврди дека средствата се соодветни за најголем дел од екипажите кои авиопревозникот ги вработува и дека истите се во добра состојба. Кога на терминалите на екипажот му се доставуваат извадоци од Оперативниот прирачник заради куси инструкции, од особена важност е да се потврди, врз случаен избор и без најава дека системот за изменување и дополнување на Прирачникот е ефикасен во обезбедување на важечките податоци.

**11 Одобрение/пуштање на лет**

11.1. Одобрението/пуштањето на лет претставува една од клучните точки од постапката на прегледот, бидејќи тоа е точката во која се спојуваат подготовките на повеќе сегменти. Одржувањето, планирањето на лет, полнењето со гориво, натоварувањето, распоредувањето и обуката (помеѓу другото) се обединуваат за да се обезбеди сигурен/безбеден воздухоплов. Непречената и ефикасна соработка помеѓу различните одделенија во организацијата на авиопревозникот ќе дојде до израз во точката на одобрение/пуштање на лет. Со еден преглед треба да се изврши контрола на следните активности:

- прегледот на екипажот на воздухопловот, екипажот за летање и кабинскиот персонал;
- отстранувањето на пречки, придржувањето кон MEL, соработката помеѓу операциите и линиското одржување. Преглед и пополнување на техничката книга;
- процедурите за полнење со гориво и одмрзнување итн.;
- контролата/надгледувањето при качување на патниците или натоварување на товарот;
- подготовката на листата на распределба на товарот (load sheet) и затварањето на летот, вклучувајќи го и надворешното и внатрешно обезбедување на воздухопловот за лет;
- безбедност (security) на воздухопловот.

**12 Преглед во лет**

12.1 Надлежниот орган треба да тежнее да врши достаточен број на прегледи со цел да опфати репрезентативен примерок на мрежата на авиопревозникот во текот на годината, и треба да ја процени работата како на кабинскиот персонал така и на екипажот за летање. Кај летовите на мали воздухоплови, кои не се опремени со засебно седиште за екипажот, надлежниот орган може да се соочи со тешкотии, но без оглед на тоа тој треба да ја искористи можноста да спроведе доволен број на прегледи во лет за да се увери самиот во континуираната/постојана стручност на авиопревозникот.

12.2. Прегледите во лет, кои може да се комбинираат со други прегледи, треба да се однесуваат бар на следното:

- Меѓусебниот однос и соработката на екипажот (екипажот за летање и кабинскиот персонал);
- Користењето на листите за проверка – чеклисти;
- Кусите инструкции за патниците;
- Придржувањето кон Оперативниот прирачник и стандардните оперативни процедури;
- Севкупното управување со летот;
- Библиотеката/исправите и задолжителните документи на воздухоплов.

**Забелешка: Прегледите за безбедноста (safety) на кабината може да ги врши посебно квалификуван инспектор за безбедност на кабина.**

12.3. Прегледите на навигациските средства (за лет) се неопходни за да се потврди дека летањето се одвива согласно условите наведени во посебното одобрение за навигациски средства, и може да се комбинираат со прегледот во лет (став 12.2). Прегледот мора да го врши инспектор кој има оперативно искуство соодветно на условите и рутата. Вообичаено, овие прегледи се вршат во воздушниот простор на MNPS или во воздушен простор каде има мал број на навигациски средства (на пример, пустински или поларни области). Исто така, треба да се опфатат и ETOPS летовите. Следното подолу наведено ги опфаќа битните елементи на прегледот:

- точноста и состојбата на измените и дополнувањата на податоците во Оперативниот прирачник;
- квалитетот и точноста на подготовките пред лет и придржување кон MEL (ако е соодветно);
- соодветноста и тековната важност на обуката на екипажот за летање;
- усогласеноста со условите наведени во кое било одобрение кое е соодветно;
- состојбата на авионската опремата за навигација.

**13 Прегледи на навигациските средствата (на земја)**

13.1. Прегледите на навигациските средствата (на земја) се вршат како применување на "контрола на квалитетот" со помош на прегледување на документи кои се чуваат, како и како проверка дека средствата и ресурсите се соодветни да го поддржат типот на летот кој треба да се изврши. Овие прегледи може да се сметаат како помошни или дополнителни на оние кои се вршат за време на лет.

- усогласување со одобренијата;
- соодветност на податоците со кои располага екипажот;
- нивоа на минимум опрема.

**14 Преглед на превоз на опасни материи**

14.1. Овие прегледи го опфаќаат превозот по воздушен пат на опасните материи, воената муниција и спортското оружје. Мора да се потврди дека авиопревозникот редовно се придржува кон условите наведени во Одобрението за превоз на опасни материи и работи согласно Техничките упатства на ICAO.

14.2. При преглед на кој било авиопревозник, без разлика дали тој има или не Одобрение за превоз на опасни материи, мора да се опфати и проценката за севкупната 'свесност' на вработените на авиопревозникот за минималните услови пропишани во JAR-OPS.

**15 Документација за лет**

15.1. Надлежниот орган мора да се увери со преглед дека документацијата што е потребна за подготовка и извршување на лет:

- е правилно пополнета/комплетирана (соодветноста/оправданоста на планирањето, резервите за гориво, точноста на податоците за натоварување, пресметките за перформансите итн.);
- се чува така што пристапот до истата е лесен и во пропишаниот рок за чување;
- кога се поднесени извештаи од екипажот, а се однесуваат на прашања од областа на безбедноста (safety), се презема соодветна последователна активност.

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**802.**

Врз основа на член 23 од Законот за преземање на акционерски друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2002, 37/2002 и 36/2007), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 4.04.2008 година го донесе следното

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ПОНУДА ЗА ОТКУП

1. На ИНГРА д.д. Загреб, ул. "Александер вон Хумболдт", 4/б, Загреб, Р. Хрватска се издава дозвола за давање понуда за откуп на обичните акции издадени од АДГ Маврово - Скопје. Понудата за откуп ја дава ТТК Банка АД Скопје, Дирекција за хартии од вредност, експозитура Скопје, во име и за сметка на ИНГРА д.д. Загреб, Р. Хрватска.

2. Откупот на хартиите од вредност ќе се врши по цена од 2.500 денари за една обична акција.

3. Рокот за прифаќање на понудата изнесува 15 работни дена од денот на првото објавување на извадокот од проспектот и понудата за откуп.

4. Понудувачот од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски во рокот и начинот предвиден со Законот и Понудата за откуп.

5. Жалбата против ова решение не го одложува неговото извршување.

6. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1255/12 Комисија за хартии од вредност
4 април 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

---

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**803.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) на седницата одржана на 2 април 2008 година, донесе

### О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ член 12 став 1 и член 13 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година („Службен весник на Република Македонија" бр.160/2007).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, на иницијатива на Мултиетничкиот синдикат на образование на Република Македонија МЕСО од Скопје, со Решение У.бр.24/2008 од 20 февруари 2008 година поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со уставните начела на владеењето на правото и еднаквоста утврдени во член 8 став 1 алинеја 3 и член 9 од Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека според член 12 став 1 од Законот „надоместок за превоз до и од работното место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува за вработените и избраните и именувани функционери кај буџетските корисници и единките корисници чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км. од работното место, но не повеќе од 900 денари месечно". Според член 13 од Законот „надоместокот за исхрана (доколку исхраната не е организирана) за вработените кај буџетските корисници и единките корисници изнесува 2.300 денари месечно" (став 1); „надоместокот за исхрана на вработените кај буџетските корисници од централната власт и единки корисници се исплатува по претходно доставени списоци до Министерството за финансии од страна на буџетските корисници од централната власт и единките корисници" (став 2).

5. Според член 32 став 5 од Уставот„остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори".

Согласно член 113 став 1 алинеи 1 и 2 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005) работникот има право на надомест на трошоци поврзани со работата, за исхрана за време на работа, доколку се исплатува во паричен износ, и превоз до и од работа, доколку се исплатува во паричен износ. Според став 3 од истиот член на Законот "висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдува со колективен договор".

Според член 52 став 2 алинеи 5 и 6 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006 и 36/2007) државниот службеник има право и на други надоместоци и тоа за превоз до и од работа (над 2,5 км.) и за оброк. Согласно став 3 од истиот член на Законот „висината на надоместоците од став 2 на овој член за секоја година се утврдуваат со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, со одлука за извршување на буџетот на општината и Буџетот на градот Скопје."

Според член 34 од Општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.76/2006), склучен врз основа на членовите 204, 205, 206 став 2 и член 210 став 1 од Законот за работните односи помеѓу Сојузот на синдикатите на Македонија и Организацијата на работодавачите на Македонија на 14 јуни 2006 година, работникот има право на надомест за исхрана, доколку исхраната не е организирана, во висина од најмалку 20% од основицата, и на надомест на трошоци за превоз до и од работа над 2 км., во случаи кога нема организирано превоз во висина на стварните трошоци во јавниот сообраќај (став 1 алинеи 1 и 2), при што основицата за пресметување на надоместоците на работниците претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три месеци (став 2).

На 16 јануари 2008 година, Владата на Република Македонија и Конфедерацијата на слободни синдикати на Република Македонија склучија и влезе во сила Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија и тој се однесува на правните лица кои се финансираат од Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2008). Основа за склучување на овој колективен договор се членовите 204 и 216 од Законот за работните односи според кои - на ниво на Република Македонија се склучува општ колективен договор за јавниот сектор, а го склучуваат репрезентативното здружение на работодавачите и репрезентативниот синдикат на територијата на Република Македонија. Според член 21 став 1 алинеи 1 и 2 од овој колективен договор, работникот има право на надомест на трошоците поврзани со работа утврдени со закон и тоа за исхрана, доколку исхраната не е организирана, и на трошоци за превоз до и од работа во случаи кога нема организирано превоз во висина на најни-

ските реални трошоци. Во ставот 2 од истиот член на Колективниот договор се определува дека висините на надоместоците од став 1 се усогласуваат со анекс на колективен договор на годишно ниво. Во член 49 од овој колективен договор, систематизиран во делот посветен на преодни и завршни одредби, се предвидува дека „висината на надоместоците од член 21 став 1 алинеи 1, 2, 3, 5 и 6 потписниците на договорот ќе ги утврдат до крајот на 2008 година, а ќе се применуваат од почетокот на 2009 година“.

Од изнесената уставна одредба (член 32 став 5), од изнесените одредби на Законот за работните односи (член 113 ставовите 1 и 3), како и од одредбите на Општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија (член 34 ставовите 1 и 2) и на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија (член 2 и член 21 ставовите 1 и 2), покрај другото произлегува дека сите вработени имаат право на надоместок на трошоците за исхрана и за превоз до и од работа, ако тие не се организирани. При тоа, надоместокот за исхрана на вработените во стопанството на Република Македонија е 20% или повеќе од просечната нето плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три месеци, додека за вработените во јавниот сектор е 2.300 денари. Покрај тоа, надоместокот за превоз на вработените во стопанството на Република Македонија е во висина на стварните трошоци во јавниот сообраќај, додека за вработените во јавниот сектор е 900 денари, со тоа што од почетокот на 2009 година тој надоместок ќе биде во висина на најниските реални трошоци.

Во однос на носителите на јавни функции и раководните работници, член 28 став 1 алинеја 1 од Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/1990, 44/1990, 11/1991, 38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005 и 121/2007) определува дека и на нив им припаѓа, покрај другото надоместок на трошоците за превоз во градскиот сообраќај до работното место и обратно, и надоместок на трошоците за општествена исхрана. Понатаму, според член 12 став 1 од Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/2007) „судијата има право на надоместок на трошоците поврзани со вршење на судиската функција и тоа ... надоместок за превоз до и од работно место, по претходно дадена писмена изјава, му се исплатува на судија чие што место на живеење е оддалечено над 2,5 км. од работното место но не повеќе од 900 денари месечно„ (алинеја 2), како и „надоместок за исхрана во висина од 25% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеци“ (алинеја 4).

Имајќи го предвид наведеното, очигледно законодавецот немал еднаков приод при определувањето на овие права.

Со оглед на тоа што оспорените член 12 став 1 и член 13 од Законот предвидуваат поинакво определување на правото на надоместоците за исхрана и за превоз на вработените во јавниот сектор од оној определен со наведените уставни, законски и одредби од означените општи колективни договори, односно определуваат фиксен износ на тие надоместоци кој не е заснован на реалните трошоци, при што вработените во јавниот сектор по тие основи се ставени во нееднаква, понеповолна положба од другите вработени, Судот утврди дека наведените законски одредби не се во согласност со уставните начела на владеење на правото и еднаквоста утврдени во член 8 став 1 алинеја 3 и член 9 од Уставот на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот д-р Трендафил Ивановски и судиите Лилјана Ингилизова-Ристова, Вера Маркова, Бранко Наумоски, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.24/2008
2 април 2008 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Трендафил Ивановски**, с.р.

---

**804.**

Врз основа на член 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.70/92), по моето гласање против Одлуката У.бр.24/2008 од 2 април 2008, со која Судот ги укина член 12 став 1 и член 13 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, го издвојувам и писмено го образложувам следното

## ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ

Со означената одлука Судот ги укина членот 12 став 1 и членот 13 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, со кои се уредуваат условите за исплата и висината на надоместоците за превоз и исхрана на вработените односно функционерите кај буџетските корисници (така како што се цитирани во Одлуката). Притоа, преку споредбен преглед на решенијата во врска со уредување на овие права во законите и колективните договори што се однесуваат на јавниот и приватниот сектор, во ставот 6 на Одлуката се констатира дека вработените во стопанството примаат повисок износ на овие надоместоци од вработените во јавниот сектор, за да се заклучи дека поради тие разлики „вработените во јавниот сектор по тие основи се ставени во нееднаква, понеповолна положба од другите вработени“ (став 9 на истата точка од Одлуката) поради што наведените одредби не биле во согласност со уставните начела на владеење на правото и еднаквоста утврдени во член 8 став1 алинеја 3 и член 9 од Уставот на Република Македонија.

Очигледно е во Одлуката дека таа се заснова на темелниот став дека лицата што работат во јавниот и во приватниот сектор треба да бидат во еднаква положба кога се работи за остварување на означените надоместоци. Јас не само што не се согласувам со тој темелно погрешен став на мнозинството судии, туку и со начинот на кој уставноста на Законот се оценува преку неговата споредба со други закони и со колективни договори.

Прво, ставот дека вработените во јавниот и приватниот сектор имаат еднаква положба, не произлегува од Уставот ни во генерална смисла, ни во смисла на остварување на означените надоместоци. Она што го бара Уставот во член 32 е правата на вработените и нивната положба да бидат уредени со закон и со колективни договори. Меѓутоа таа одредба не е основ да се тврди, на пример, дека државните службеници и вработените во градежништвото имаат или треба да имаат иста положба, или дека Законот за државни службеници треба да ги препушти на колективно договарање истите прашања што ги препуштил Законот за работните односи, и тн., што мислам дека не било спорно во досегашната пракса на Судот. На терен на различните надоместоци, (зошто да не и плати), разликите помеѓу приватниот и јавниот сектор се фактички прашања коишто

не може да имаат правни импликации, а најмалку да бидат основ за егалитарни теории. Разликите во изворите на финансирање и границите на правото на располагање во јавниот и приватниот сектор се, ми се чини, важен критериум за тоа дали е можно во Уставот да се најде основ за егалитарна теорија. Впрочем, во Одлуката воопшто не се ни прави обид да се покаже дека еднаквоста што се сака да се заштити во овој случај е заснована врз Уставот, туку напросто воочените разлики помеѓу вработените се сметаат за недопуштени. Еднаквоста, сепак, подразбира дека со еднаквите се постапува еднакво, а со нееднаквите нееднакво. Во тој контекст, укинатите одредби од Законот за извршување на Буџетот, коишто на еднаков начин се однесуваат на корисниците на Буџетот, не се во несогласност со уставниот принцип на еднаквост.

Второ, според моето мислење, споредбата на Законот за извршување на Буџетот со други закони и со колективни договори, вклучително и од стопанството, во Одлуката има смисла ако се прави како приказ на разликите во регулирањето на ова прашање, како емпириска основа на натамошното испитување дали разлики од таков тип се уставно допуштени, а не како доказ дека постојат недопуштени разлики. Вака излегува дека Буџетот на Република Македонија и законот за неговото извршување, би требало, заради обезбедување еднаква положба на вработените во Републиката во остварувањето на надоместоците за превоз и исхрана, претходно да се усогласува со колективен договор од стопанството, барем додека таму овие надоместоци се повисоки. Законот за извршување на Буџет на Република Македонија, не може да се оценува од аспект на неговата согласност со Колективниот договор за стопанството во Република Македонија, ниту тоа може да биде посреден пат за оценување на неговата уставност од аспект на релациите на правните акти во правниот поредок на Република Македонија. Освен тоа, повикувањето на колективен договор за стопанството во овој контекст не е можно и со оглед на тоа што државата воопшто не е еден од социјалните партнери што го склучуваат колективниот договор за стопанството. Државата може да биде партнер во склучувањето на колективен договор за буџетскиот сектор, а обврските што ги презема со него да бидат основа за соодветна проекција на буџетот, што би требало да го видиме во наредната, 2009 година. Меѓутоа проекциите за идното уредување на овие прашања на ниеден начин не ја доведуваат во прашање актуелната уставност на укинатите одредби.

2 април 2008 година
Скопје

Судија
на Уставниот суд на
Република Македонија,
**Игор Спировски**, с.р.

---

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**805.**

Врз основа на член 69 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006), член 2 став 1 точка 29 и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на РМ" бр. 67/2007) и точка 128 од Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на РМ" бр. 159/2007 и 32/2008), гувернерот на Народна банка на Република Македонија донесе

### У П А Т С Т В О
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА УПАТСТВОТО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ

I. Во Упатството за измени и дополнувања на Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на РМ" бр. 21/2008), се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во Глава II.1. Основен капитал, точка 4.1 потточка б), зборовите: „евидентирана на сметката 9037" се заменуваат со зборовите: „евидентирана на сметките 9036 и 9037".

2. Во Глава II.1. Основен капитал, точка 4.4 потточка в) зборовите: „сметките 9034 и 9036" се заменуваат со зборовите: „сметка 9034".

3. Во Глава II.1. Основен капитал, точка 4.4 потточка б), зборовите: „нематеријалните средства (лиценци, патенти, гудвил и други) евидентирани на групата 00" се заменуваат со зборовите: „гудвилот, патентите, лиценците, концесиите и заштитните знаци евидентирани на сметките 002, 003 и 0041 намалени за соодветниот дел од сметката 009 кој се однесува на овие средства".

4. Во Глава II.3.Одбитни ставки од основниот капитал и дополнителниот капитал И, точка 6.8 став 1, зборовите: „и Реден бр. 16" се заменуваат со зборовите: „Реден бр. 16 и Реден бр. 17".

5. Во Глава III.1.Образец АПКР, точка 14 пред потточка I) се додава нов став кој гласи:

„Позиции за кои важи пондер на ризичност 125%:

21) Изложеност кон физички лица по основ на искористени пречекорувања по тековни сметки (дозволени и недозволени) и искористени кредити по кредитни картички.

Во оваа позиција се вклучуваат и сите достасани побарувања настанати врз основа на изложеноста од став 1 од оваа потточка."

6. Во Глава III.2.Образец АПКРВ - Извештај за вонбилансната актива пондерирана според кредитниот ризик, точка 20 став 1, зборовите: „Колоните бр. 6, 7, 8 или 9", се заменуваат со зборовите: „Колоните бр. 6, 7, 8, 9 или 10", додека во став 2, зборовите: „Колоните бр. 6, 7, 8 и 9", се заменуваат со зборовите: „Колоните бр. 6, 7, 8, 9 и 10".

7. Во Глава III.2.Образец АПКРВ - Извештај за вонбилансната актива пондерирана според кредитниот ризик, точка 21 потточки III, VI, IX, XII и XVI, зборовите: „Колоните бр. 6, 7, 8 и 9", се заменуваат со зборовите: „Колоните бр. 6, 7, 8, 9 и 10".

8. Во Глава III.2.Образец АПКРВ - Извештај за вонбилансната актива пондерирана според кредитниот ризик, точка 21 потточка XIV), зборовите: „и 100%", се заменуваат со зборовите: „100% и 125%".

II. Оваа упатство влегува во сила на денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 2200
31 март 2008 година
Скопје

Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

Банка/Штедилница______________________ Образец АПКР

**ИЗВЕШТАЈ**

за актива пондерирана според кредитниот ризик

состојба на ________

во 000 денари

| Ред. бр | ОПИС | Сметководствена вредност | Посебна резерва | Нето износ | Пондер | Пондериран износ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-4) | 6 | 7=(5*6) |
| 1 | Парични средства, злато и депозити кај НБРМ | | | | 0% | 0 |
| 2 | Побарувања од НБРМ и побарувања обезбедени со хартии од вредност издадени од НБРМ | | | | 0% | 0 |
| 3 | Побарувања од РМ и побарувања обезбедени со неотповикливи, безусловни гаранции плативи на прв писмен повик и хартии од вредност издадени од страна на РМ | | | | 0% | 0 |
| 4 | Побарувања од Европската централна банка и од владите и централните банки на земјите - членки на Европската унија, Швајцарија, Канада, Јапонија, Австралија, Норвешка и САД, како и побарувања обезбедени со неотповикливи, безусловни гаранции плативи на прв писмен повик и хартии од вредност издадени од Европската централна банка и од владите на овие замји или нивните централни банки | | | | 0% | 0 |
| 5 | Побарувања од мултилатерални развојни банки и побарувања обезбедени со неотповикливи, безусловни гаранции и хартии од вредност издадени од овие банки | | | | | 0 |
| 6 | Побарувања обезбедени со паричен депозит или парични средства во депо, до износот на паричниот депозит, односно паричните средства во депо | | | | 0% | 0 |
| 7 | Сите активни билансни позиции кои се одбитни ставки од сопствените средства или нивните компоненти | | | | 0% | 0 |
| 8 | Побарувања покриени со друг вид обезбедување дадени од РМ , Европската централна банка, владите и централните банки на земјите - членки на Европската унија, Швајцарија, Канада, Јапонија, Австралија, Норвешка и САД, освен побарувањата за кои важи пондер на ризичност 0% | | | | 20% | 0 |
| 9 | Побарувања обезбедени со злато | | | | 20% | 0 |
| 10 | Побарувања од првокласни банки и побарувања обезбедени со неотповикливи, безусловни гаранции и хартии од вредност издадени од овие банки | | | | 20% | 0 |
| 11 | Побарувања од домашни и странски банки кои не влегуваат во групата на првокласни банки, со резидуална рочност до една година и побарувања со резидулна рочност до една година обезбедени со неотповикливи, безусловни гаранци и хартии од вредност издадени од овие банки | | | | 20% | 0 |
| 12 | Побарувања покриени со друг вид обезбедување дадени од мултиратерални развојни банки, освен побарувањата за кои важи пондер на ризичност 0% | | | | 20% | 0 |
| 13 | Побарувања од државните фондови и државните агенции во РМ и побарувања обезбедени со неотповикливи, безусловни гаранции и хартии од вредност издадени од овие субјекти | | | | 50% | 0 |
| 14 | Побарувања по станбени кредити кои се целосно обезбедени со хипотеки на станбени објекти во кои живее или ќе живее комитентот, или кои комитентот ги издава под наем за живеење | | | | 50% | 0 |
| 15 | Побарувања од регионалните или локалните власти на земјите - членки на Европската унија, Швајцарија, Канада, Јапонија, Австралија, Норвешка и САД | | | | 50% | 0 |
| 16 | Земјиште, недвижности и опрема | | | | 100% | 0 |
| 17 | Вложувања во капиталот, субординираните инструменти и хибридните инструменти и други вложувања во капиталот на други банки и финансиски институции | | | | 100% | 0 |
| 18 | Долгорочни побарувања од банки кои не се вклучени во побарувања за кои важи пондер на ризичност 20% | | | | 100% | 0 |
| 19 | Побарувања по основ на кредити, камати и други побарувања освен побарувањата за кои важат пониските пондери на ризичност | | | | 100% | 0 |
| 20 | Останата неспомната актива | | | | 100% | 0 |
| 21 | Изложеност кон физички лица по основ на искористени пречекорувања по тековни сметки (дозволени и недозволени) и искористени кредити по кредитни картички | | | | 125% | 0 |
| I | **Вкупна актива (1 до 21)** | 0 | | 0 | | |
| II | **Вкупна билансна актива пондерирана според кредитниот ризик (1 до 21 од Колона бр. 7)** | | | | | 0 |
| III | **Вкупна вонбилансна актива пондерирана според кредитниот ризик (реден број XVII од Образец АПКРВ-1)** | | | | | 0 |
| IV | **Вкупна актива пондерирана според кредитниот ризик (II+III)** | | | | | |

Банка/Штедилница______________________

Образец АПКРВ-1

**ИЗВЕШТАЈ**

за вонбилансна актива пондерирана според кредитниот ризик

состојба на ________

во 000 денари

| Ред. бр | ОПИС | Сметководствена вредност | Посебна резерва | Нето-износ | Пондери 0% | 20% | 50% | 100% | 125% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-4) | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | Неискористени, безусловно отповикливи рамковни кредити кои банката може да ги отповика во секој момент без претходно известување | | | | | | | | |
| 2 | Покриени гаранции, акредитиви или други покриени вонбилансни позиции кои не носат кредитен ризик | | | | | | | | |
| I | **Вкупен износ на вонбилансни ставки со фактор на конверзија 0% (1 до 2)** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| II | **Фактор на конверзија - 0%** | | | | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| III | **Вкупен износ на кредитни еквиваленти со фактор на конверзија 0% (I*II)** | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Неискористени неотповикливи рамковни кредити по основ на дозволено пречекорување по тековни сметки, кредитни картички и друг вид потенцијална изложеност на кредитен ризик со рок на достасување до една година | | | | | | | | |
| IV | **Вкупен износ на вонбилансни ставки со фактор на конверзија 20% (3)** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| V | **Фактор на конверзија - 20%** | | | | 20% | 20% | 20% | 20% | 20% |
| VI | **Вкупен износ на кредитни еквиваленти со фактор на конверзија 20% (IV*V)** | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Неискористени неотповикливи рамковни кредити по основ на дозволено пречекорување по тековни сметки, кредитни картички и друг вид потенцијална изложеност на кредитен ризик со рок на достасување над една година | | | | | | | | |
| 5 | Чинидбени гаранции | | | | | | | | |
| VII | **Вкупен износ на вонбилансни ставки со фактор на конверзија 50% (од 4 до 5)** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| VIII | **Фактор на конверзија - 50%** | | | | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% |
| IX | **Вкупен износ на кредитни еквиваленти со фактор на конверзија 50% (VII*VIII)** | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Непокриени акредитиви и гаранции | | | | | | | | |
| 7 | Останата неспомната вонбилансна актива поврзана со преземени потенцијални обврски | | | | | | | | |
| X | **Вкупен износ на вонбилансни ставки со фактор на конверзија 100% (од 6 до 7)** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| XI | **Фактор на конверзија - 100%** | | | | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |
| XII | **Вкупен износ на кредитни еквиваленти со фактор на конверзија 100% (X*XI)** | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| XIII | **Вкупен износ на кредитните еквиваленти на вонбилансните ставки (III+VI+IX+XII)** | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| XIV | **Пондери** | | | | 0% | 20% | 50% | 100% | 125% |
| XV | **Вкупен пондериран износ на вонбилансните ставки по одделни пондери (XIII*XIV)** | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| XVI | **Вкупен пондериран износ на вонбилансните ставки** | | | | | | | | 0 |
| XVII | **Вкупна вонбилансна актива пондерирана според кредитниот ризик** | | | | | | | | 0 |

## КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**806.**

Врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување ("Службен весник на РМ" бр. 35/2005 и 50/2006), Комората на извршители на РМ на ден 04.04.2008 година, го донесе следново

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕНОТ ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ИЗВРШИТЕЛОТ

На извршителот Весна Кавракова, со живеалиште на ул. "Питу Гули" бр. 3А во Штип, именуван за подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово, датумот 14.04.2008 година, му се определува како ден за отпочнување со работа како извршител.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се достави до извршителот.

Ова решение се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Комора на извршители
на Република Македонија
Претседател,
**Антонио Коштанов,** с.р.

---

## КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

**807.**

Врз основа на член 9 став (1) и член 12 став (1) од Законот за државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр.24/03, 70/06 и 55/07), Комисијата за заштита на конкуренцијата, на ден 01.04.2008 година, ја донесе следната

### О Д Л У К А

Се одобрува државна помош доделена во форма на грант од страна на Министерство за култура во 2007 година на:

49 вонбуџетски корисници за библиотечна дејност, во вкупен износ од 1.751.618,00 денари;

32 вонбуџетски корисници за заштита на културното наследство, во вкупен износ од 29.192.603,00 денари;

11 вонбуџетски корисници за музејска и кинотечна дејност, во вкупен износ од 358.500,00 денари;

29 вонбуџетски корисници за филмска дејност, во вкупен износ од 97.999.624,00 денари;

21 вонбуџетски корисник за драмска дејност, во вкупен износ од 9.568.450,00 денари;

28 вонбуџетски корисници за ликовна и галериска дејност, во вкупен износ од 7.170.797,00 денари;

31 вонбуџетски корисник за музичко-сценска дејност, во вкупен износ од 15.876.896,00 денари;

56 вонбуџетски корисници за центри, домови на култура и фолклор, во вкупен износ од 3.695.000,00 денари;

179 вонбуџетски корисници за издавачка дејност, во вкупен износ од 38.795.000,00 денари.

Или вкупно 436 вонбуџетски корисници, во вкупен износ од 204.408.488,00 денари.

Бр. 10-113/3
1 април 2008 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски,** с.р.

---

**808.**

Врз основа на член 20 став (1) точка 3), член 22 став (1), член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр.04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија„ бр.38/05), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје, преку полномошник адвокат Дејан Станковски од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 01.04.2008 година, го донесе следното

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Трета Македонска Бригада бб Скопје од една страна и трговските радиодифузни друштва – оператори на кабловска мрежа: КТВ МДС ДОО Скопје со седиште на ул. Бранко Заревски бр. 7, Скопје; КТВ МЕДИА ДОО Скопје со седиште на ул. Петар Манџуков бр. 3/24, ТЦ Живко Брајковски Скопје; КТВ ГИВ ДОО Гостивар со седиште на ул. Браќа Гиноски бр. 217, Гостивар, КТВ Г-ОН ДООЕЛ Дебар со седиште на ГТЦ Алфа Д-Дебар, Дебар; КТВ КАЛЕ 2001 ДОО Кичево со седиште на ул. Стојан Стојаноски бр.11, Кичево; КТВ Градска Кабловска Телевизија ДООЕЛ Струга со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 26, Струга; КТВ Г-КАТВ ДООЕЛ Струга со седиште на ул. ТЦ Безистен, кат 2, бб, Струга; КТВ АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид со седиште на ул. Македонски Просветители бб, Охрид; КТВ БО НЕТ ДООЕЛ

Прилеп со седиште на ул. Илија Василевски бр.9, Прилеп; КТВ ЕВРОСТИЛ ДООЕЛ Крива Паланка со седиште на ул. Маршал Тито бр. 85 Крива Паланка, од друга страна, преку стекнување на 100% од уделите од страна на КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје во горенаведените друштва, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,00 ден. и за решението во износ од 30.000,00 ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси ("Службен весник на РМ" бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 84017903161, приходна шифра и програма 72231300 и при подигнување на решението да достави доказ за извршена уплата на административните такси.

Бр. 07-4/6
1 април 2008 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски,** с.р.

---

**809.**

Врз основа на член 6, став (2), член 27-а, член 46 и член 47, став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05; 70/06 и 22/07), како и врз основа на член 64 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/06), Комисијата за заштита на конкуренцијата, преку Комисијата за прекршочни работи во состав Розана Ванковска, Александра Хаџи-Кочкова Вељаноска и Валентина Николова, постапувајќи против АД Електростопанство на Македонија Скопје, со седиште на ул. 11 октомври бр.9, 1000 Скопје и одговорни лица И.С., К.Х.Г. и Г.В., заради сторен прекршок-злоупотреба на доминантна позиција, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Комисијата за заштита на конкуренцијата, со Решение бр. 07-242/7 од 07.09.2007 година утврди дека АД Електростопанство на Македонија Скопје има доминантна позиција на пазарот за снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало и истата ја злоупотребува на начин што на тарифните потрошувачи на мало за месечната сметка за потрошена електрична енергија им пресметува и наплатува манипулативен трошок во фиксен износ од 6 денари, што согласно член 14 став (2) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата е забрането.

2. Злоупотребата на доминантната позиција од точка 1 од ова решение претставува прекршок согласно член 47, став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

3. За сторениот прекршок од точка 2 од ова решение, на правното лице АД Електростопанство на Македонија Скопје со седиште на ул. 11 октомври бр.9, 1000 Скопје, ЕДБ XXX и ЕМБС XXX му се изрекува прекршочна санкција во вид на глоба во износ од 83.058.817,оо денари, што претставува XXX % од вредноста на вкупниот годишен приход на претпријатието, остварен во деловната 2005 година, како година што претходи на годината во која е сторен прекршокот од точка 2 на ова решение.

4. Глобата од точка 3) од ова решение да се плати во рок од 30 дена од денот на доставувањето на ова решение на следната уплатна сметка: 84018205187 други парични казни со приходна шифра 722129 и програма 00. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат.

Бр. 09-133/4
21 март 2008 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски,** с.р.

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**810.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/02, 46/02, 37/05 и 121/07), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец март 2008 година, во однос на месец февруари 2008 година, е повисока за 0,8%.

2. Правото на пораст на платите за месец март 2008 година, во однос на месец февруари 2008 година, за работодавачите од членот 3 став 1 изнесува 0,4%.

Министер,
**Љупчо Мешков,** с.р.

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ ИЗДАНИЈА

**1.**




**200,00 денари**

***УСТАВ***
***на Република Македонија***
*(со сите амандмани од I - XXX)*
*на македонски и на англиски јазик*
*(во една книга), голем формат, 2008*

**2.**

**150,00 денари**




***УСТАВ***
***на Република Македонија***
*(со сите амандмани од I - XXX)*
*на македонски мал формат, 2008*

## П О Р А Ч К А БР. 47

**Со ова неотповикливо го порачувам изданието под реден број: 1) во ____ примероци; 2) во ____ примероци; 3) во ____ примероци; 4) во ____ примероци; 5) во ____ примероци; 6) во ____ примероци; 7) во ____ примероци; 8) во ____ примероци; 9) во ____ примероци; 10) во ____ примероци; 11) во ____ примероци и 12) во ____ примероци.**

**Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.**

**Порачател: ______________________________________________________.**
**Место: ________________**
**ул. _________________________ бр. ___________, тел./факс ___________**

**Потпис на порачателот**

**Во ________, ______2008 година. (М.П.) __________________**



**www.slvesnik.com.mk**
**contact@slvesnik.com.mk**

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.**
**Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2008047